ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
GJYKATA THEMLORE KRUSHEVË
15. 01. 24
СПЧ - 2/24

До Основен суд Крушево

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Број на правосилно завршени постапки за расправање на оставина, за периодот од 2021 до 2023 година, разделени по години.[1]
2. Број на дадени **изјави за откажување од наследство (негативна наследничка изјава)** во правосилно завршените постапки за расправање на оставина, за периодот од 2021 година до 2023 година, разделени по:
   - **години** (за 2021, 2022 и 2023 година)
   - **пол на наследникот кој дал изјава за откажување од наследство** (негативна наследничка изјава).
3. Број на дадени **изјави за отстапување на својот наследен дел во корист на определен наследник** (согласно член 131 став 2 од Законот за наследување) во правосилно завршените постапки за расправање на оставина, за периодот од 2021 година до 2023 година, разделени по:
   - **години** (за 2021, 2022 и 2023 година)
   - **пол на наследникот кој дал изјава за отстапување на својот наследен дел во корист на определен наследник**.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:
**Ирина Јолевска**, Здружение на граѓани, Реактор – Истражување во акција, бул. Партизански одреди 18/1-11, 1000 Скопје, Р.С.Македонија, телефон 077993431
irina@reactor.org.mk

[1] И покрај тоа што оставинските постапки се спроведуваат од страна на нотарите како повереници на судот, информациите се бараат од судот бидејќи согласно член 134 став 3 од Законот за вонпарничната постапка и член 152 од Законот за нотаријатот, по правосилното решение со кое постапката е завршена, нотарот ги враќа списите на надлежниот суд и истите се чуваат во архивата на судот одвоено од другите акти.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Претседателка – Тања Иванова
Реактор – Истражување во акција
бул. Партизански одреди 18/1-11, 1000 Скопје, Р.С.Македонија, телефон 02 3245-536
info@reactor.org.mk

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум 15.01.2024 година

ОСНОВЕН СУД
СПИ-2/24
24.01.2024 год.
Крушево

До
Ирина Јолевска
Здружение на граѓани -Реактор
Истражување во акција

З А П И С Н И К
од 24.01.2024 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 15.01.2024 год,Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:

Во овој суд не се водат постапки за расправање на оставина, бидејќи истите од 20.04.2007 год. се водат пред именуван Нотар за подрачјето на Основен суд Крушево, кој е овластен за тоа, па не може да Ви биде одговорено на информацијата која ја барате.

Со почит,
24.01.2024 год.

ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска